„Се колнам во Оној во чии раце е мојата душа – таа сура вреди колку третина од Куранот!“

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Еден човек слушнал друг како постојано ја рецитира сурата: „Кажи: Тој е Аллах, Еден е!“ Кога се разденило, отишол кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и му го спомнал тоа, мислејќи дека е малку. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Се колнам во Оној во чии раце е мојата душа – таа сура вреди колку третина од Куранот!“

[رواه البخاري] [صحيح]

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека еден човек слушнал друг како цела ноќ ја рецитира само сурата: „Кажи: Тој е Аллах, Еден е!“ и не додава ништо друго. Утредента отишол кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и му го спомнал тоа – како да сметал дека тоа е малку. Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, заколнувајќи се за да ја нагласи важноста, рекол: „Се колнам во Оној во чии раце е мојата душа – таа сура вреди колку третина од Куранот!“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65261